Коста АЦИЕВСКИ

УДК: 911.373(497.7)„04/14“

# ПРИЛОГ КОН ХРИСТИЈАНСКАТА ТОПОНИМИЈА НА МАКЕДОНИЈА. НАСЕЛБИ СО ИМИЊАТА НА БОГ/ТЕОС И БОГОРОДИЦА

***Крашка содржина***

*Христијанството оставило длабоки корени во македонската историја, а извршило големо влијание и на топонимијата на Македонија. Голем број македонски топоними, во средниот век и во времето на османското владеење, имаат христијанско потекло, односно, содржат во себе христијански елементи. Тоа посебно е карактеристично за населбите, чии имиња се позајмени од христијанството. Меѓу нив, посебно внимание заслужуваат населбите со имињата на Создателот-Бог/Теос, или се изедени од неговото име. Такви населби се: Теово, Богомила, Побожје, Божи Град, Богацко, Боговине, Богдево, Богоселче, Божи Дол, Богданци и други. Мајката Божја-Богородица била доста популарна во Македонија. Многу населби го носеле нејзиното име, или пак биле изведени од него. Населби со името на Богородица се евидентирани во областа на Делчево, Кочани, Петрич, Мелник, Солун, Ѓевѓелија, Хрупиштаи др. Добар дел од евидентираните христијански населби, под истите или малку изменети имиња, егзистираат и денес.*

***Клучни зборови:*** *ХРИСТИЈАНСТВО, ТОПОНИМИ, БОГ/ТЕОС, БОГОРОДИЦА, МАКЕДОНИЈА, НАСЕЛБИ, СРЕДЕН ВЕК, ОСМАНСКО ВЛАДЕЕЊЕ.*

Христијанството има огромен придонес во развитокот на светската цивилизација. Од неговата појава пред 2000 години, тоа е вткаено во духовните и културните постигања на голем број народи во светот. Македонија се смета за колевка на европското организирано христијанство. Познато е дека во Македонија кон средината на I в. од н.е. апостолот Павле со своите соработници ги формирал првите христијански општини на европско тло. Тоа биле општините во Филипи, Солун и Бер. По Миланскиот едикт на императорот Константин I Велики од 313 г., со кој што христијаните добиле легитимен статус во државата, христијанството зело уште посилен замав и станало до-

минантна, а потоа и единствена религија во Римското Царство, во чии рамки влегувала и Македонија.

Подемот на христијанството на македонските простори бил прекинат, за извесен период, со доаѓањето на Словените, пагани, кон крајот на VI и поч. на VII век, кога била срушена античката цивилизација во Македонија. Тогаш христијанството било потиснато, но не било целосно уништено. Тоа се задржало кај староседелците, кои успеале да ја преживеат словенската инвазија. Преку староседелците Словените дошле во директен контакт со христијанската религија и набрзо, под разни околности, го прифатиле христијанството и христијанската култура. Дејноста на солунските браќа Кирил и Методиј во Македонија, а особено на нивните ученици Климент и Наум, претставувала натамошен подем на христијанството, кое го достигнало врвот во X век, во времето на Самуиловото Царство, со основањето на Охридската архиепископија/патријаршија. По паѓањето на Македонија под османска власт, кон крајот на XIV век, христијанството добило исклучително значење во зачувувањето на етничкиот и културниот идентитет на македонскиот народ.

Христијанството оставило длабоки корени во македонската историја. Тоа извршило огромно влијание во ономастиката, но исто така и во топонимијата. Со неговото прифаќање, се случиле значајни промени во топонимијата на Македонија. Покрај старата номенклатура од македонско, пајонско, хеленско, римско, словенско и друго потекло, се појавиле нови, христијански, имиња, кои биле позајмени од Светото Писмо и од хагиографската литература.

Христијанството имало огромна улога во историјата на македонскиот народ. Тоа ги зафатило сите сегменти од животот на нашите предци на овие простори во средниот век и во времето на османското владеење. За тоа сведочат бројните христијански топоними евидентирани во изворите (византиски, латински, словенски, османски и др.). Многу градови, села, селишта, тврдини, планини, ридови, реки, езера, маала во градовите, пазари, даљани и други места добиле имиња позајмени од христијанската религија, односно, имиња на светители, апостоли, христијански храмови и христијански симболи, христијански институции и христијански достоинственици, како и имиња на Создателот, Бог и Мајката Божја, Богородица.

Во нашите досегашни истражувања[1] на христијанската топонимија во Македонија евидентиравме преку 380 топоними со христи-

[1] Истражувањата беа вршени од 1.07.2001-30.06.2004 година, во рамките на проектот: Христијански елементи во топонимијата на Македонија во средниот век и турскиот период, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

јанско потекло, т.е. топоними кои во себе содржат христијански елементи. Притоа, треба да се напомене дека најголем број од регистрираните христијански топоними датираат од времето на османското владеење во Македонија. Тоа е разбирливо, ако се знае дека за овој период располагаме со поброен и поконкретен изворен материјал, благодарение на османските опширни пописни дефтери, кои даваат детални податоци за населбите и населението во Македонија. Покрај тоа, треба да се има во предвид и ситуацијата во која што се нашла Македонија по паѓањето под османска власт. Изложено на силен политички и религиозен притисок од страна на исламската османска држава, македонското христијанско население поцврсто се сплотило околу христијанската црква и со нејзина помош успеало да го зачува, низ вековите, својот етнички идентитет, да ја зачува и натаму да ја развива својата култура. Таквата состојба нашла свој одраз и во топонимијата. Со давањето на христијански имиња на населбите и на другите топоними, нашите претци се спротиставувале на обидите за религиозна, културна и етничка асимилација и успеале да го зачуваат својот религиозен и културен идентитет, да ја зачуваат и натаму да ја развиваат својата материјална и духовна култура.

Многу населени места во Македонија, во средниот век и во времето на османското влзадеење носеле имиња, кои го содржат во себе името на Создателот – Бог/Теос или се изведени од него. Голем дел од овие топоними под истите или малку изменети имиња се зачувани до денес.

Во првата половина на XIV в., во повелбите што му ги дал на пелагонискиот манастир Трескавец српскиот крал Стефан Душан, меѓу имотите, кои манастирот ги поседувал во Велешката Област, се сапоменуваат селата Те(х)ово и Богомила.[2] Споменатите топоними се евидентирани и во османските пописни дефтери од XV и XVI век[3],

---

[2] Л. Славева – В. Мошин, Грамотите на Стефан Душан на манастирот Трескавец, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. IV, Скопје 1981, 83, 119-120, 145, 180-181. Сп. М. Пурковиќ, Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског филозофског факултета, IV, 2 (1939-1940), 147; V. Kravari, Villes et villages de Macédoine occidentale, Paris 1989, 240, 340; К. Аџиевски, Имотите на манастирот Трескавец надвор од Пелагонија, (идентификација и лоцирање), Историја XXXIII/1-2 (1997), Скопје 1998, 19-20; Л. Тасева, Българска топонимия от гръцки и сръбски средновековни документи, София 1998, 151 сл, 272.

[3] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер No 4 (1467-1468), под редакција на М. Соколоски и А. Стојановски, Скопје 1971, 169, 574; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XV век т. II, под редакција на М. Соколоски, Скопје 1973, 29, 62; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за казите Костур, Серфиџе и Велес од 1568/9 година, т. VII, кн. 2, превод, редакција и коментар А. Стојановски и Д. Ѓорѓиев, Скопје 1999, 345, 347, 351, 432, 514. Сп. А. Стојановски-Д. Ѓорѓиев, Населби и население во Македонија – XV и XVI век, I, Скопје 2001, 26, 219.

а се наведуваат во Велешката каза и кон крајот на XIX век.[4] Топонимите се зачувани се до денес како имиња на истоимените села.[5]

Село Те(х)ово е регистрирано во XV век и во нахијата Калкан-делен (Тетово), кое се лоцира североисточно од градот Гостивар.[6] Во турските опширни пописни дефтери од XV век и во Леринската нахија е евидентирано село Техово, кое се лоцира на падините на Кајмак-чалан, на ок. 13 км северозападно од Воден.[7] Селото под истото име се споменува и во втората половина на XVI век, кога припаѓало на казата Енице Вардар[8] и кон крајот на XIX век кога припаѓало на Воденската каза.[9] Во градот Костур во втората половина на XVI век е регистрирано и маалото Богомила.[10]

Во XIII и поч. на XIV век во Скопско, во грамотите на манастирот Св. Георги Горки и во грамотата на Михаил IX Палеолог, која му била дадена на манастирот Св. Никита, се споменува селото Побожје (Побужје, Пребужје, Пребужда), како и хидронимот река побушка.[11] Селото е евидентирано и во османските пописни дефтери од XV и XVI век,[12] и во еден натпис од 1500-та годинае,[13] а се споменува во Скопската каза и кон крајот на XIX век.[14] Селото Побожје егзистира и денес, се наоѓа на јужните падини на Скопска Црна Гора, на ок.15 км северно од Скопје.[15]

---

[4] В. Кънчов, Македония. Етнография и статистика, Избрани произведения, т. II,София 1970, 458.

[5] М. Панов, Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје 1998, 32, 295 sq.

[6] Турски документи No 4, 347 и бел.91; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XV век, т. III, под редакција на М. Соколоски, Скопје 1976, 125 и бел. 122. Сп. М. Соколоски, Составот на населението во Тетовско и Гостиварско во XV и XVI век, со посебен осврт на исламизацијата, Бигорски научно-културни собири, Скопје 1983, 111; А. Стојановски – Д. Ѓорѓиев, Населби и население, 219.

[7] Турски документи II, 414 и бел. 111. Cf. V. Kravari, Villes et villages, 90; Т. Симовски, Населените места во Егејска Македонија, т. 1, Скопје 1998, 58.

[8] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, т. IX, кн. 2, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 2003, 342. Сп. М. Соколоски, Лерин и Леринско во XV и XVI век, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 4 (30), 1978, 239.

[9] В. Кънчов, Македония, 449.

[10] Турски документи VII/2, 13, 22. Сп. М. Соколоски, Костур и Костурско во XVI век, Прилози на МАНУ, X,1 (1979), 82.

[11] Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. I, Скопје 1975, 189, 220, 313, 318-319. Cf. V. Kravari, Villes et villages, 146.

[12] Турски документи No 4, 464; Турски документи III, 210; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за Скопскиот санџак од 1568-69 година, т.VI, кн. II, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 1988, 379. Сп. М. Соколоски, Скопје и Скопско во XV и XVI век, Прилози на МАНУ, IX, 2 (1979), 94, 100; А. Стојановски-Д. Ѓорѓиев, Населби и население, 171.

[13] Й. Иванов, Български старини изъ Македония, София 1931, 130.

[14] В. Кънчов, Македония, 506.

[15] М. Панов, Енциклопедија на селата, 236сл.

Во Костурскиот вилает, во првата половина на XV век, е евидентирано селото Божиград, кое имало и друго име Градиште, а се лоцира западно од градот Костур.[16] Селото егзистирало и во втората половина на XVI век, кога припаѓало на нахијата Биглишта[17] и на Костурската нахија.[18] Го споменува и познатиот француски патописец Пуквил, кој во 1817 г. патувал низ Македонија[19], а се споменува во Костурската каза и кон крајот на XIX век.[20] Во Костурскиот вилает во османскиот период е евидентирано селото Богавецко/ Боганци/Богацко, кое се лоцира југоисточно од Хрупишта и од Костур.[21] Во почетокот на XIX век Пуквил го наведува како град.[22] Кон крајот на XIX век селото е евидентирано во нахијата Хрупишта,[23] а егзистира и денес (Βογατσικόν), на ок. 22 км југоисточно од Костур.[24]

Во Битолската нахија, во опширните пописни дефтери од 1468 година е регистрирано селото Боговени[25], со неутврдена локација. Во опширните пописни дефтери од средината на XV век (1452/3, 1467/8 г.) во нахијата Калканделен (Тетово) е евидентирано селото Боговина/Боговине.[26] Селото е регистрирано и во пописните дефтери од XVI век,[27] а кон крајот на XIX век се споменува како Богоне.[28] Селото се лоцира на ок. 12 км јужно од Тетово.[29]

Во нахијата Нагоричино (Куманово) во опширните пописни дефтери од втората половина на XVI век се евидентирани селата Богатино[30] и Богачица/Богачинце.[31]

---

[16] Турски документи II, 98 и бел. 47, 103.

[17] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за казите Горица, Биглиштаи Хрупишта од 1568/9 година, т. VII, кн. 1, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 1997, 351.

[18] Турски документи VII/2, 15, 100. Сп. М. Соколоски, Костур и Костурско, 96.

[19] Македонија во делата на странските патописци 1778-1826, подготвил А. Матковски, Скопје 1991, 689 и бел.236.

[20] В. Кънчов, Македония, 566.

[21] Турски документи II, 117 и бел. 71; Турски документи VII/1, 509 и бел. 446; Турски документи VII/2, 14, 42. Сп. М. Соколоски, Костур и Костурско, 88, 96.

[22] Македонија во делата на странските патописци, 712.

[23] В. Кънчов, Македония, 567.

[24] Т. Симовски, Населените места во Егејска Македонија,т. 2, Скопје 1998, 9.

[25] Турски документи II, 187. Сп. М. Соколоски, Битола и Битолско во XV и XVI век, Прилози на МАНУ, VI, 2 (1975), 48.

[26] Турски документи No 4, 312; Турски документи III, 64. Сп. . М. Соколоски, Составот на населението, 108

[27] Сп. М. Соколоски, Составот на населението, 112.

[28] Сп. В. Кънчов, Македония, 512.

[29] Cf. V. Kravari, Villes et villages, 181; М. Панов, Енциклопедија на селата, 32.

[30] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, т.V, кн.II, превод, редакција и коментар М. Соколоски, Скопје 1980, 569.

[31] Турски документи V/2, 421,446, 577, 578; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 година, т. V, кн. 5, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 1995, 312. Сп. М. Сколоски, Куманово и Кумановско во текот на XVI век, Прилози на МАНУ, VII, 2 (1976), 78.

Во Мавровско, во вилаетот Река, кон средината на XV век се споменува селото Богдево, кое се лоцира северозападно од Мавровското езеро, во горниот слив на реката Радика, близу до селото Кракорница.[32] Селото Богдево е евидентирано и во втората половина на XVI век во Дебарската каза, во нахијата Река, и се лоцира североисточно од градот Дебар.[33] Селото е евидентирано во нахијата Река и кон крајот на XIX век.[34]

Во Кочанската нахија во втората половина на XVI век се споменуваат селата Боговенци[35] и Богоселче[36], а во соседната Штипска нахија во истиот период се евидентирани селата Божилчево, Божиновци и Богословец/Богославци.[37] Од нив, денес егзистира само селото Богословец во општината Свети Николе, кое кон крајот на XIX век припаѓало на Штипската каза.[38]

Во Струмичката нахија, во рамките на Ќустендилскиот санџак, во втората половина на XVI век се споменува селото Божи Дол[39], а во Тиквешката нахија селото Бох(г)ула, кое се лоцира на ок. 26 км југоисточно од градот Кавадарци.[40]

Во нахијата Петрич во втората половина на XVI век, во османските пописни дефтери, е евидентирано селото Богуново/Богулево[41], во Хрупишта селото Богуница[42], а во Велешката нахија селото Горна Боговица.[43] Во Охридско, во истиот период, е евидентирано селото Боговица, кое се лоцира северно/североисточно од Струга. [44]

---

[32] Турски документи III, 399 и бел. 20. Сп. М. Панов, Енциклопедија на селата, 32.

[33] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 година, т. VIII, кн. 1, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 2000, 619 и бел. 532.

[34] Сп. В. Кънчов, Македония, 564.

[35] Турски документи V/2, 292, 390. Сп. О. Иванова, Исчезнати месни имиња во области по сливот на Брегалница, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. V, Прилеп 1988, 246, 251.

[36] Извори за българската история, т. XVI. Турски извори за българската история, т. III, съставила и коментирала Б.А.Цветкова, София 1972, 249, 282, 294, 300-301, 346, 354.

[37] Турски документи V/2, 143, 183, 218, 277.

[38] Сп. В. Кънчов, Македония, 532; М. Панов, Енциклопедија на селата, 33.

[39] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, т. V, кн. III, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 1982, 190. Сп. М. Соколоски, Струмичко и Радовишко во XVI век, Прилози на МАНУ, IX, 1 (1978), 99.

[40] Турски документи V/3, 168 и бел. 152, 460, 540-541 и бел. 556. Сп. Панов, Енциклопедија на селата, 36.

[41] Турски документи V/3, 566-567. Сп. М. Соколоски, Петричката нахија во XVI век, Историја, XVI/2 (1980), 46.

[42] Турски документи VII/2, 517. Селото било познато и под второто име Ајо Димитри.

[43] Турски документи VII/2, 349.

[44] Турски документи VIII/1, 119. Селото се споменува и под името Чурјак ( ibid., 108, бел. 99). Го евидентира и В. Кънчов, Македония, 553. Сп. М. Соколоски, Охрид и Охридско во XVI век, Прилози на МАНУ, II, 2 (1971), 16. Станува збор, најверојатно, за денешното село Богојци, североисточно од Струга, на јужната падина на Караорман (М. Панов, Енциклопедија на селата, 32).

Во областа на Крива Паланка, во нахијата Пчиња, во втората половина на XVI век е евидентирано селото Божаница/Божетинце, кое денес не постои, а се лоцира северозападно од градот Крива Паланка во месноста Божаница.[45]

Во нахијата Мелник во втората половина на XVI век е регистрирано селото Бождево, кое се лоцира северно од градот Мелник.[46] Селото е евидентирано во Мелничката каза и кон крајот на XIX век.[47] Во Прилепската нахија, во истиот период е евидентирано селото Божовик, кое се лоцира југоисточно од Прилеп[48]. Во истиот период, во Ѓевѓелиско, во нахијата Аврет Хисар, во рамките на Солунскиот санџак, е евидентирано селото Богданци/Боганци.[49] Кон краот на XIX век селото припаѓало на Гевгелиската каза, а егзистира и денес западно од Дојранското Езеро.[50]

Многу омилена меѓу нашите претци во средниот век и во османскиот период била Мајката Божја-Богородица. Во Македонија, како што забележал уште чешкиот истражувач К. Јиречек,[51] често се јавуваат населби со името на Богородица, Многу населби на целата територија на Македонија го носеле нејзиното име, или биле изведени од него.

Во опширниот пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од XVI век, во нахијата Пијанец е евидентирано селото Богородица,[52] кое денес не постои, а се лоцира во месноста Богородичка полјана, југозападно од Делчево.[53] Во истиот период, во Кочанската нахија се евидентирани селата Горна Богородица[54] и Долна Богородица,[55] како и селото Богородица[56], кое, веројатно, се однесува на некое од претходно спомenатите две села во оваа нахија.

[45] Турски документи V/5, 212 бел. 389; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, т. V, кн. IV, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 1985, 248 n. 273.

[46] Турски документи V/4, 72 и бел. 77, 96.

[47] В. Кънчов, Македония, 489.

[48] Турски документи VI/2, 55 и бел. 44.

[49] Турски документи IX/.2, 37 и бел. 22; Извори за българската история, т. XIII. Турски извори за българската история, серия XV-XVI, т. II, съставили и редактирали Н. Тодоров и Б. Недков, София 1966, 389, 405.

[50] Сп. В. Кънчов, Македония, 451; М. Панов, Енциклопедија на селата, 31.

[51] К. Јиречек, Хришћански елеменат у топографској номенклатури балканских земаља, Зборник Константина Јиречека, I, Београд 1959, 490.

[52] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, т. V, кн. I, Скопје 1983, 320. Сп. К. Јиречек, Хришћански елеменат,490.

[53] А. Стојановски – Д. Ѓорѓиев, Населби и население, 26.

[54] Турски документи V/2, 290, 353. Сп. А. Стојановски – Д. Ѓорѓиев, Населби и население, 26; О. Иванова, Исчезнати месни имиња, 264.

[55] Турски документи V/2, 290, 332; Турски документи V/3, 606. Сп. А. Стојановски – Д. Ѓорѓиев, Населби и население, 26; О. Иванова, Исчезнати месни имиња, 266.

[56] Турски документи V/2, 312, 334.

Во нахијата Петрич во втората половина на XVI век се евидентирани селата Голема Богородица[57] и Долна Богородица.[58] Кон крајот на XIX век и В. Кнчов во Петричката каза евидентира село Богородица.[59] Во соседната Мелничка нахија, во истиот период, се споменуваат селата Богородица[60] и Мала Богородица.[61]

Во Солунскиот санџак, во нахијата Богданос во втората половина на XVI век е регистрирано дервенџиското село Богородица.[62] Кон крајот на XIX век селото Богородица е евидентирано во Лагадинската каза.[63] Селото егзистира и денес (Κριθέα), а се лоцира североисточно од Солун, на патот од Солун за Сер.[64]

Во истиот период, во соседната нахија Аврет Хисар е евидентирано селото Богородица,[65] кое се споменува и кон крајот на XIX век во Гевгелиската каза.[66] Селото се наоѓа источно од Ѓевѓелија, на ок. 3 км од градот.[67]

Во Делчевската област, во XVI век е регистрирано селото Богородиче, а со истото име, во истиот период, се споменува и едно маало во Делчево.[68] Во нахијата Хрупишта, во втората половина на XVI век е евидентирано селото Богородичани.[69] Во градот Охрид, во истиот период, името Богородица го носело едно маало во градот, кое имало и друго име Шагман[70], како и едно рибно ловиште (даљан) на Охридското езеро, со скромен годишен приход од 30 акчиња.[71]

(Рецензент: *проф. д-р Елица Манева*)

---

[57] Турски документи V/3, 552, 568, 612. Сп. М. Соколоски, Петричката нахија, 47.

[58] Турски документи V/3, 552, 606, 627. Сп. М. Соколоски, Петричката нахија, 47 и бел. 67.

[59] Сп. В.Кънчов, Македония, 488.

[60] Турски документи V/4, 58.

[61] Турски документи V/4, 20, 145.

[62] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, т. IX, кн. 1, превод, редакција и коментар А. Стојановски, Скопје 2002, 173-174; А. Стојановски, Кон прашањето за политичко-територијалната поделба на јужниот Балкан пред турското освојување, Историја, VII/2 (1971), 154. Сп. К. Јиречек, Христијански елеменат, 490.

[63] Сп. В. Кънчов, Македония, 471.

[64] А. Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Скопје 1974, 159; Т. Симовски, Населените места,т. 2, 277.

[65] Турски документи IX/2, 37; Извори за българската история, т. XIII. Турски извори, т. II, 399. Сп. Јиречек, Христијански елеменат, 490.

[66] Сп. В. Кънчов, Македония, 451.

[67] Панов, Енциклопедија на селата, 33.

[68] Извори за българската история, т. XVI. Турски извори, т. III, 149.

[69] Турски документи VII/1, 369, 500.

[70] Турски документи VIII/1, 55.

[71] Ibid., 40.

Kosta ADZIEVSKI

# BEITRAG ZU DER CHRISTLICHEN TOPONIMIE IN MAKEDONIEN. ANSIEDLUNGEN MIT NAMEN FON BOG/TEOS UND BOGORODICA (GOTT/TEOS UND MUTTER CHRISTI)

**(Zusammenfassung)**

*Das Christentum hat tiefe Wurzel in der makedonischen Geschichte hinterlassen und großen Einfluß auf der Toponimie in Makedonien ausgeübt. Eine große Anzahl von Toponiemen in dem Mittelalter, und besonders in den ersten Jahrhunderten der osmanischen Herrschaft (XV.-XVI. Jh.) haben christliche Herkunft, d.h. sie beinhalten in sich christliche Elemente. Das ist insbesondere für die Siedlungsorte charakteristisch, welche Namen von dem Christentum entlehnt worden sind. Große Anzahl von Siedlungen haben Namen getragen, welche den Namen des Schöpfers - Gott (Bog, maked.)/ Teos in sich beinhaltet haben, oder von ihm abgeleitet gewesen sind. Solche sind die Ansiedlungen: Bogomila, Teowo, Pobo□je, Bo□i Grad, Bogazko, Bogowine, Bogdewo, Bogoweni, Bogosel?e, Boguniza, Bo□i Dol, Bogowiza, Bogdanzi u.a. Die Mutter des Gottes - die Mutter-Gottes ist sehr populär in Makedonien gewesen. Viele Ansiedlungen haben ihren Namen getragen oder sind von ihrem Namen abgeleitet worden. Ansiedlungen mit dem Namen des Mutter-Gottes sind nachgewiesen in: Umgebung von Del?ewo, Ko?ani, Petri?, Melnik, Thessaloniki, Gevgelija, Chrupischte u a.*